Република Македонија
**Јавно претпријатие за државни патишта**

[redacted]

**Република Македонија**
**Јавно претпријатие за државни патишта**

**ЕМБС:** 6839673
ул.Даме Груев бр.14
1000 Скопје,
Република Македонија

**Тел.** (02) 3-228-454
(02) 3-118-044
**Факс:** (02) 3-220-535

Бр. 02-2684/6

Дата: 14.03.2016

Скопје

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 20 точка 1 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта на седницата одржана на ден 14.03.2016 година донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

### Член 1

Во Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта бр. 02-211/4 од 11.01.2013 година, број 02- 227/11 од 04.02.2015 година и број 02-2397/9 од 12.03.2015 година, во членот 20 точката 2 се менува и гласи:

"Ги донесува актот за внатрешна организација и другите општи акти на претпријатието."

По точката 23 се додава нова точка 24 која гласи:

"24. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие."

Точката 24 станува точка 25.

### Член 2

Во членот 23 ставот 3 се менува и гласи:

"За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени со член 23 од Законот за јавните претпријатија".

### Член 3

Во членот 24 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

"За именување на директор се објавува јавен конкурс во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик."

Ставот 2 станува став 3.

Член 4

Во членот 25 ставот 2 се менува и гласи:
"Управниот одбор изборот на Директор го врши во рок од петнаесет дена од денот на доставувањето на документацијата од страна на комисијата."

Член 5

Во членот 27 алинеја 8 се менува и гласи:
"- Го донесува актот за систематизација на работните места и ја предлага внатрешна организација."
Во алинејата 10 зборовите "работниците и јавните службеници" се заменуваат со зборовите "вработените".
Во алинејата 15 зборовите "работниците и јавните службеници" се заменуваат со зборовите "вработените".

Член 6

Членот 31 се менува и гласи:
"Правата, обврските и одговорностите на вработените во јавното претпријатие се уредени со закон и колективен договор."

Член 7

Во членот 36 по зборовите "општите акти" се додаваат зборовите "освен актот за систематизација на работните места."

Член 8

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие за државни патишта, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Управен одбор
Претседател
Сања Минкова

Изработил: Биљана Лазевска, Раководител на одделение
Контролирал/Одобрил: Сузана Атанасова, Раководител на сектор

Објавено на огласна табла на 09.05.2016